**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ И СОДРЖИНИ

## ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА I ГОДИНА

**Скопје, 2001 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет / програмско подрачје:** *ликовна уметност*

**1.2. Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: гимназиско образование
1.2.2. Струка:

**1.3. Диференцијација на активноста**
1.3.1.Општо образование: з*адолжителни изборни програми и содржини – ликовна уметност*

**1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Прва година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет / програмско подрачје**
1.5.1. Број на часови седмично (седмичен контакт): 2 часа за прва година
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето): 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителни изборни програми и содржини

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

**Цел на наставата по ликовна уметност** е учениците да бида обучени да ги применуваат следните способности, знаења и умеења:

- да ги забележуваат и доживуваат убавините во природата и да црпат сознанија за ликовна и друга работа;
- да оформат способности за визуелно диференцирање на естетските вредности во природата и делата остварени од човекот;

- да го познаваат ликовниот јазик и да стекнат други знаења од теоријата на уметноста: историјата на уметноста, естетиката и ликовната критика;
- да ги познаваат својствата на различните ликовни материјали и техники и да поседуваат сензибилитет за нивно користење;
- да умеат да го користат компјутерот за стекнување нови знаења и за ликовна работа;
- да ги познаваат ликовните подрачја и да умеат да се изразат преку: цртање, сликање, скулптура, графика и применета уметност;
- да ја збогатуваат фантазијата и другите способности за практично - творечка ликовна и друга работа;
- да ги применуваат стекнатите знаења и способности во натамошното општо и професионално образование и во секојдневниот живот;
- да ги надградат сопствените културни сознанија кои ќе бидат во функција на културата на работење и живеење;
- да формираат претстава за поврзаноста на придобивките од минатото и традицијата, постојната ликовна и општа култура и натамошната надградба;
- да стекнат умеења и навики за користење разни извори од уметничкото наследство, во функција на создавање нови ликовни и други вредности;
- да создадат навики за истражувачка работа и експериментирање во функција на постигнување нов квалитет;
- да ги развиваат континуирано личните способности во сферата на когнитивото, психомоторното и афективното подрачје;
- да умеат квалитетно да ја организираат секојдневната работа и способноста за изготвување разни индивидуални проекти за ликовно творештво;
- да создадат навика за афирмација на својот труд преку учество со сопствени креации на ликовни изложби и манифестации;
- да умеат да ги набљудуваат, доживуваат и анализираат ликовните дела и да ги елаборираат впечатоците;
- да оформат љубов кон ликовната уметност и навики за посета на културно-историски споменици, изложби и музеи;
- да ја познаваат улогата на аудиовизуелните и печатените медиуми во културниот, стопанскиот и општествениот живот;
- да создадат знаења за културното богатство на Македонија, убавините на народната култура и да ја негуваат традицијата;
- да го познаваат општиот развој на ликовните уметности во рамките на цивилизациите низ историските епохи и најзначајните карактеристики на културите на разни географски простори во светот.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини и достигнување на целите на наставата по ликовна уметност покрај стекнатите предзнаења во основното образование од областа на науката, општествената група предмети и уметноста (ликовна уметност, музика, мајчин јазик, техничко образование), потребно е учениците:

- да имаат стекнато интерес и љубов за ликовната уметност и творештвото;
- да поседуваат моторички способности за манипулирање со разни материјали, алати и помагала;
- да имаат креативни способности кои ќе ги развиваат во натамошната работа;
- да бидат љубопитни за истражување, експериментирање и откривање нови можности за ликовен израз;
- да владеат со одреден фонд на ликовни термини и поими кои ќе ги збогатуваат во натамошната работа;
- да се оспособени да ја откријат слоевитоста на ликовното дело.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Наставата по ликовна уметност се засновува врз исконската потреба на човекот за учење, творештво, промени и изразување во рамките на културните активности. Дидактичко – педагошките постапки во наставата треба да обезбедат развој на индивидуалните способности на ученикот и надградување на личноста низ работа која максимално овозможува слобода на креативноста и ликовниот израз и развој на фантазијата. Овој процес се збогатува преку црпење сознанија од разни извори – конкретни од човековата непосредна околина и апстрактни како плод на сложените мисловни процеси, имагинацијата и осетите кои се вградени низ разни содржини во структурата на Програмата.

**4.1. Структурирање на содржините за развој на ликовно – творечките способности и знаења за I година**

**4.1.1. Обликување на плоштина: ЦРТАЊЕ**

| **ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ** | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки, ликовни материјали и техники, мотиви** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **ЦРТАЊЕ**<br><br>**- линија**<br>**- простор**<br>**- контраст**<br>**- ритам**<br>**- хармонија**<br>**- композиција** | 17 часа (ориента-ционо) | Ученикот:<br>- познава видови цртеж во ликовната и применетата уметност: кроки, скица, студија и цртеж како ликовна креација и ги применува во ликовната работа;<br>- го воочува во природата феноменот на линии и ги трансформира во ликовен израз;<br>- поседува сознанија за линијата како основен ликовен елемент во ликовните уметности;<br>- применува видови и карактер на линии според сопствениот сензибилитет;<br>- користи вредности на линијата за приказ на просторност (со видови перспектива);<br>- користи хармонија и контраст на линии, плоштини, текстури во творечката работа;<br>- употребува прост и алтернативен ритам во разни насоки;<br>- постигнува различни светло - темни односи (светло – сенка) со користење на ахроматски тонови, текстури и шрафура; | Наставникот:<br>- објаснува, демонстрира со цртање и покажува корис-тење на различни матери-јали за цртање и експери-ментирање;<br>- прикажува и анализира репродукции и оригинални цртежи од познати мајстори;<br>- ја организира работата рационално и креативно.<br><br>Ликовни материјали и техники: графитен молив, јаглен (природен и пресуван), пастел (сув и восочен – маслен), разни подлоги. | Биологија, геометрија, историја на уметноста: цртежи од египетската уметност, грчки вази, ренесансни и современи цртежи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - умее да експериментира со различни ликовни елементи, принципи и видови цртачки материјали и подлоги;<br>- црта по набљудување, помнење и фантазија;<br>- естетски вреднува ликовни дела (ја познава слоевитоста на ликовното дело) и умее да забележи ликовен квалитет. | Мотиви: од растителниот и животинскиот свет, луѓе, општествени состојби, простор, жива и нежива природа;<br>- содржини од другите наставни предмети;<br>- трансформација на звуци и осети во ликовен израз. | |

**4.1.2. Обликување на плоштина: СЛИКАЊЕ**

| **ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ** | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки, ликовни материјали и техники, мотиви** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **СЛИКАЊЕ**<br><br>**- боја**<br>**- контраст**<br>**- единство**<br>**- хармонија**<br>**- доминанта**<br>**- композиција** | 24 часа (ориента-ционо) | Ученикот:<br>- ги познава главните карактеристики на сликарството (улогата на бојата во сликар-ството, уметноста и секојдневието);<br>- го познава физичкото својство на светлина-та, електромагнетскиот спектар и адитивното и супрактивното мешање на боите;<br>- користи свесно и спонтано основни, секун-дарни и терцијални бои;<br>- применува видови контраст: светло –темно; топло – ладно; комплементарен и други контрасти; | Наставникот:<br>- разговара, покажува, демонстрира, слика, објаснува;<br>- ги упатува учениците да експериментираат и истражуваат;<br>- организира по потреба работа во парови и групи;<br>- организира посета на музеи и галерии и естетс-ки анализира репродукции и оригинални дела. | Физика – спектар на боите (цветен круг);<br>- “Уметност и боите” од Јоханес Итн;<br>- стручна литера-тура, технологија на материјалите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - изнаоѓа индивидуални колористички решенија;<br>- користи хармонија по аналогија и контраст – хармонија на тријада и индивидуална хармонија;<br>- применува тонска скала на молски и дурски валерски односи од хроматски и ахроматски бои;<br>- користи моделација и модулација согласно сопствената ликовна визија;<br>- применува разни видови композиција;<br>- познава и користи различни суви и влажни сликарски материјали и техники;<br>- умее да слика по набљудување, помнење и фантазија;<br>- истражува и користи нови постапки во ликовната работа;<br>- набљудува, анализира и коментира ликовни дела од различен временски период;<br>- изработува индивидуален проект за ликовна работа или мултимедијален проект. | Материјали и техники:<br>- сликарски суви материја-ли: пастел, креда, колаж;<br>- влажни: темпера, гваш, акварел, акрил и др.<br><br>Мотиви: од природата и животот на човекот;<br>- содржини од другите наставни области;<br>- народни обичаи;<br>- компонирање на органски, неоргански или геометриски форми;<br>- трансформација на звуци (музика) и осети во колористички израз. | Избор на автори и дела кои посе-дуваат јасен ликовен и колористички проблем и квалитет. |

**4.1.3. Обликување во просторот: СКУЛПТУРА**

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | Број на часови | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | Дидактички насоки, ликовни материјали и техники, мотиви | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **СКУЛПТУРА**<br><br>**- форма**<br>**- насока**<br>**- ритам**<br>**- контраст**<br>**- хармонија**<br>**- симетрија-асиметрија**<br>**- композиција** | 8 часа (ориента-ционо) | Ученикот:<br>- препознава, разликува и користи во ликовната работа: природни од органско и неорганско потекло, технички и уметнички форми;<br>- дефинира преку скица (цртеж и во материјал) ликовна идеја;<br>- поврзува и компонира правилни (геометриски) или неправилни форми -волумени во ликовна целина;<br>- моделира и компонира видови форми;<br>- користи во композицијата разни ликовни елементи и принципи (насока, текстура, хармонија по аналогија и контраст, ритам, симетрија и асиметрија и др);<br>- познава  и користи различни материјали за тродимензионално изразување (глина, дрво, камен);<br>- комбинира и составува во ликовна целина (асамблаж) различни материјали кои ја изгубиле првобитната функција;<br>- изработува индивидуален проект за современ ликовен израз (интервенција во просторот, инсталација и др. | Наставникот:<br>- покажува примери и ги коментира разликите на видови форми од природата и создадени од човекот;<br>- објаснува и демонстрира преку цртање, моделирање, и градење;<br>- разговара, дава инструкции и коригира-оценува;<br>- организира посета на археолошки локалитети, културно – историски споменици и др.<br>- Мотиви: од природата, непосредната околина и животот, луѓе, обичаи, содржини од други наставни области, трансформации (на звук, осети, содржини како плод на фантазијата.<br>- Материјали: глина, хартија, стиропор, дрво, амбалажа и материјали кои ја изгубиле првобитната функција. | - Цртање, архитектура, историја на уметноста, технологија на материјалите;<br><br>- видови форми – природни и создадени;<br><br>- репродукции и оригинали на скулптури од минатото, современи и други ликовни дела. |

**4.1.4. Обликување на плоштина: ГРАФИКА**

| **ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ** | **Број на часови** | **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ** | **Дидактички насоки ликовни материјали, мотиви** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **ГРАФИКА**<br><br>**- линија**<br>**- контраст**<br>**- текстура**<br>**- светло - темен контраст** | 8 часа (ориентационо) | Ученикот:<br>- умее да црта со различни графички материјали;<br>- применува контраст во подготовка на графички цртеж;<br>- забележува светло – темен контраст во природата и го користи во графичкиот израз;<br>- користи црно – бел контраст на линии и плоштини, текстури и шрафури во компонирањето на графичката идеја;<br>- истражува разни односи на ликовни елементи во композицијата;<br>- го познава процесот на изработка на графика: скица, цртеж, матрица, печатење на графички лист на висок, рамен и длабок печат;<br>- умее да реализира висок печат (линорез, картон печат, колотипија или сл.);<br>- користи компјутер во ликовната работа и изработува графички решенија;<br>- умее да изработи проект за видеоарт и др. | Наставникот:<br>- разговара, објаснува, демонстрира различни начини на подготовка и печатење на графика;<br>- експериментира со различен графички материјал;<br>- организира посети на графички изложби, ателјеа и разговори со творци.<br><br>Мотиви:<br>од непосредната околина, луѓе, народни обичаи, флора и фауна (инсекти), стара архитектура, фрагменти од народна носија; етнограф-ски предмети и др.;<br>- содржини од други наставни предмети. | - Историја на уметноста, цртање,скулптура;<br>- стручна литература<br><br>- Ликовни дела - графички листови од познати мајстори;<br>- ученички ликовни остварувања. |

**4.1.5. Обликување на плоштина и во простор: ДИЗАЈН**

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | Број на часови | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | Дидактички насоки ликовни материјали, мотиви | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**<br><br>**- боја**<br>**- текстура**<br>**- градација**<br>**- прпорција**<br>**- хармонија**<br>**- контраст**<br>**- доминанта**<br>**- композиција** | 6 часа (ориента-ционо) | Ученикот да:<br>- препознава, разликува и користи во ликовната работа: разни дисциплини од графичкиот и индустрискиот дизајн;<br>- изработува илустрации од прочитан текст со користење на видови линии, светло-темни односи и други ликовни вредности;<br>- дефинира преку скица, корица и омот на книга, со примена на пропорционалност – златен пресек;<br>- дизајнира ликовно – графичко решение за актуелен настан, со користење хармонија и контраст;<br>- конпонира со примена на доминанта уредување на училиштен весник;<br>- естетски проценува успешни графички решенија. | Наставникот:<br>- покажува и коментира разни ликовни остварувања од областа на дизајнот;<br>- објаснува и ја демонстри-ра ликовно- графичката обработка на книга (корица и илустрации);<br>- разговара и покажува ус-пешни графички решенија.<br><br>Мотиви: од секојдневните актуелни потреби.<br><br>Материјали: графички, сликарски (темпера, колаж, тушеви и др.) и скулпторски. | Цртање, сликање и скулптура;<br>- историја на уметноста;<br>- списанија за дизајн и друга стручна литература. |
| **КАЛИГРАФИЈА** | 3 часа (ориента ционо) | Ученикот:<br>- препознава разни историски стилови на писма (римска капитала, готика, старословенско и др.) – минускула и мајоскула (мали и големи); | - Објаснува;<br>- покажува разни книги и текстови испишани со разни стилови на писмо; | - Калиграфија, типографија, историја на уметноста; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - декоративно писмо<br><br>**- пропорција**<br>**- насока**<br>**- композиција** | | - разликува и користи разни видови материјал и прибор за пишување писмо;<br>- умее да компонира и испише текст со трска, перце и четка во старословенско или друго писмо. | - демонстрира користење на разновиден материјал и прибор за пишување букви и пишување букви во различен стил.<br>- Материјали: боја,туш, бајц перце, трска, четка. | - книги од разни епохи, пишани текстови во различен стил писмо. |
| **ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА**<br><br>- костимографија<br><br>**- боја**<br>**- форма**<br>**- ритам**<br>**- контраст**<br>**- хармонија**<br>**- текстура**<br>**- композиција** | 4 часа (ориента ционо) | Ученикот:<br>- го познава значењето на кројот – формата, бојата, ритамот и другите ликовни вредности на облеката и комбинацијата на разни материјали;<br>- изработува дезен за одредена облека со користење хармонија и контраст;<br>- применува боја, форма и ритам во изработката на нацрт за модна облека;<br>- препознава и разликува разни стилови на историски костими, национална облека од разни земји и географски подрачја и видови облека: професионална и за разни потреби (лесна и тешка, според потребите за годишните времиња). | Наставникот:<br>**-** објаснува, демонстрира, покажува разни примери на дезен на платно и модна креација на облека.<br><br>Материјали: темпера, акварел, колаж - хартија, текстил, скај и др. | - Модни списанија, стручна литература |
| **СЦЕНСКИ ДИЗАЈН**<br><br>- СЦЕНОГРА-ФИЈА | 2 часа (ориента ционо) | **- Познава** разни видови сцена: за театар, филм, куклен театар, естрада, познава ликовни и функционални компоненти на сцената; | - Разговара, објаснува, покажува примери од разни видови сценографија (театар, филм, куклен театар, естрада); | - Театар, филм, естрада. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-простор**<br>**- форма**<br>**- боја**<br>**- светлина**<br>**- доминанта** | | **- забележува** и познава користење на осветлување на сцената: од горе, отстрана, контра осветлување;<br>**- изработува** нацрт (макета) за сцена за актуелна потреба (драма, естрада и сл.). | - организира посета на театарски претстави, естрадни настапи;<br>- прикажува видеоинсерти на сценски решенија за театар и филм. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Во остварувањето на целите по **ликовна уметност** ќе се користат веќе познатите методи и форми на наставна работа: **методи на самостојна работа на учениците** при што практичната работа (лабораториската метода) – ликовното творештво ќе зазема доминантно место, а ќе се комбинира со демонстративно-илустративните и вербално – текстуалните методи. Од формите ќе се користат фронталниот, индивидуалниот и групен облик на работа. Користењето на формите, методите и постапките на работа, наставникот ги осмислува непосредно при планирањето на наставниот час и операционализацијата во конкретни активности кои ќе ги реализира на часот. Користењето на формите и методите ќе биде усогласено со материјално-техничките и просторните услови на училиштето, возраста и предзнаењата на учениците и нивниот интерес.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Основна насока на наставата по **ликовна уметност** е креативно разрешување на поставениот ликовен проблем за што ќе се користат основните законски документи (Наставната програма и видовите планирање), со посебно нагласување на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на часот. Наставата (практичната – творечка работа), претежно ќе се реализира во наменски кабинет по ликовна уметност и на отворен простор. Покрај креативната работа, значајно место ќе има теоретската работа и посетата на музеи и галерии. Во текот на работата со учениците ќе се има предвид солидната комуникација на релацијата наставник-ученик и обратно, задоволување на нивните потреби и интерес, оспособување на учениците за самостојно размислување и изнаоѓање оригинални решенија и др. Особено ќе се посветува внимание на иницијативите на учениците и задоволување на желбите за остварување на оригинални индивидуални ликовни проекти.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во остварувањето на целите на наставата по ликовна уметност значајна улога има творечката работа за што треба да се обезбедат просторни и материјално-технички услови: ликовни материјали, алати и помагала од кои визуелните средства имаат особено значење. Задолжително треба од техничките средства училиштето да располага со дијапроектор, епископ, потоа комплет на дијапозитиви или репродукции на ликовни дела, видеокасети и друго. Особено се значајни редовната посета на музеи и следењето на ликовни изложби и манифестации, односно разгледување, доживување и анализа на оригинални ликовни дела. Исто така, користењето на стручна литература придонесува на културната, естетската надградба на учениците.

#### 4.4.1. Книги и друг материјал за учениците

1. Учебници изработени според потребите на дејноста и возраста на учениците:
- Ликовна уметност - 2 елементи и принципи од Б. Лазески
- Ликовна култура – 1 историја на уметноста од В. Величковски
2. Дидактички материјали и помагала потребни за реализација на наставниот час (разни бои, материјали за цртање и скулптура)
3. Видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста , познати автори и дела; разработка на некоја ликовна техника

#### 4.4.2. Референци и материјали за наставникот

За наставникот се препорачува следната стручна литература:
- Методика по ликовно воспитание и образование од Б. Карлаварис и П. Наневски
- Ликовна култура – прирачник з а наставници и студенти од Д. Ордев
- Историја на уметноста од Џонсон, Пискел или друг автор; стручни списанија и литература по избор на наставникот

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Способностите, знаењата, умеењата и постигањата на учениците по **ликовна уметност** , наставникот треба да ги следи низ сите процеси на едукацијата: покажаниот интерес на ученикот, неговите заложби, резултати од ликовно-творечката работа при што особено ќе се валоризира нивото на креативноста, индивидуалниот ликовен израз, степенот на стекнатите знаења од историјата на уметноста, нивото на развиен ликовен критериум при анализата на ликовни дела и размислувања за феноменот на естетиката и друго.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставниот кадар се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:

- наставникот треба да биде креативна личност која перманентно ќе се залага за стекнување на нови знаења и нивна примена во наставата. Тој треба да биде солиден стручњак и предавач, организатор на работата, да поседува квалитетни способности за комуникација со учениците, родителите, колегите и други странки, да нема визуелни и други здравствени недостатоци кои ќе го попречуваат вршењето на наставата.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултетот за ликовни уметности – педагошки оддел
2. Факултет за ликовни уметности (оддел сликарство, вајарство, графика) со положени испити од педагошко – психолошката група предмети и методиката на ликовното образование на Факултетот за ликовни уметности.

Предност да имаат лицата според означениот редослед.

**6.3. Стандард за простор**

Остварувањето на програмските цели по **ликовна уметност** ќе се реализира во кабинет по ликовно образование опремен со материјално – технички и дидактички средства согласно Нормативот за простор, училиштен мебел соодветен на потребите на наставниот предмет и наставни средства. Кабинетот да поседува и просторија за подготовки на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка просторија за чување на материјално – техничките средства, стручна литература, ликовни материјали и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**
- Петре Наневски, советник за општествената група – Одделение за планирање и програмирање во Бирото за развој на образованието – Скопје
- Трајко Јовановски, советник за општествената група – Одделение за следење и советодавно – инструктивна работа со воспитно - образовниот кадар во Бирото за развој на образованието – Скопје
- Фехим Хусковиќ, асистент по методика на ликовното образование на Факултетот за ликовни уметности – Скопје
- Лидија Саздовска, професор во Гимназијата “Раде Јовчевски-Корчагин” – Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување 01.9.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *ликовна уметност* - задолжителните изборни програми и содржини ја одобри (донесе):

________________________________________________со решение бр. _________________ од ____________година.